# СОУ„КОЧО РАЦИН“СВЕТИ НИКОЛЕ

## КУЌЕН РЕД на однесување на учениците

## од СОУ „Кочо Рацин" Свети Николе

1. Наставата во училиштето се одвива во една смена и започнува во 07:30 часот;
2. Директорот на училиштето од наставниот кадар одредува дежурни наставници по ходници во училиштето и за дежурствата се запишани на распоредот на часови;
3. Со куќниот ред учениците се запознаваат на првиот класен час;
4. Забрането е користење на мобилен телефон на час;
5. Пред напуштање на училницата секој ученик е должен да провери дали го оставил своето место во ред и дали ги понел со себе своите предмети;
6. При влегување во училницата дежурните ученици во паралелката се должни да проверат, и да пријават заборавени работи, евентуални штети направени на претходниот час или штети – затечени од претходниот ден, или два дена ако претходниот ден паралелката била на практична настава;
7. Дежурните ученици во класот после завршувањето на часовите на нивната паралелка, ја прегледуваат уредноста на просторијата и последни ја напуштаат;
8. Учениците имаат обврска редовон да посетуваат настава и да бидат вклучени во наставниот процес;
9. Учениците треба да го чекаат почетокот на часот во својата училница;
10. Учениците треба да пристигнат во училиштето (во училницата) пред почетокот на наставата, и да се подготват за часот што го имаат според распоредот на часовите на паралелката а не да стојат надвор и да ги чекаат наставниците или да влегуваат по нив во училницата;
11. За време на часовите не е дозволено излегување и движење на учениците низ ходниците;
12. Забрането е зборување и пречење во текот на наставата;
13. Со завршување на последниот час согласно на распоредот учениците се должни да ја напуштат училницата и училиштето;
14. При конзумирање на храна и безалкохолни пијалоци во просториите на училиштето остатоците од храна и амбалажата од пијалоците треба да се ставаат во корпите за таа цел кои се наоѓаат во секоја училница или во ходниците;
15. Треба да се избегнува излегување во училишниот двор за време на малиот одмор заради користење на храна или пијалоци;
16. За време на големиот одмор остатоците од храна и безалкохолни пијалоци се ставаат во корпите за таа цел кои се поставени во дворот на училиштето;
17. Казниво е секакво физичко и психичко малтретирање, предизвикување на тепачки како и учествување во истите;
18. Пушењето во просториите и дворот на училиштето се казнува според Законот за заштита од пушење и се изрекува педагошка мерка според акт на училиштето;
19. Строго е забрането носење и конзумирање на алкохол, дрога во објектот и дворот на училиштето;

20. Конзумирањето (грицкањето) на семки и сончоглед во објектот и дворот на училиштето не е дозволено и се изрекува педагошка мерка;
21. Најстрого е забрането носење во училиштето на оружје и орудија со кои може да се повредат другите;
22. Забрането е и казниво фрлање на петарди во дворот и објектот на училиштето;
23. Училишниот тоалет треба да служи за својата намена а не за собирање на учениците во него;
24. Поради можна опасност од инфекции од болести, учениците треба да обрнат поебно внимание на хигиената и употребата на тоалетите;
25. Учениците се должни да го чуваат инвентарот на училиштето и опремата за практична настава;
26. Секоја материјална штета предизвикана од страна на учениците самите се должни да ја надоместат. Во случај кога виновникот и покрај сите преземени мерки не може да се пронајде, штетата ја надоместуваат линеарно сите ученици од класот;
27. Секој ученик е должен да го почитува куќниот ред во училиштето во спротивно ќе му биде изречена педагошка мерка соодветно на прекршокот;
28. Учениците се должни меѓусебно да се почитуваат, како ида ги почитуваат наставниците, вработените во училиштето и возрасните;
29. Помеѓу учениците не смее да има дискриминација на национална, полова, етничка и верска основа;
30. Забрането е навредување и омаловажување на учениците врз основа на материјалниот и социјалниот статус ;
31. Се казнува допишување на оценки и други податоци во дневникот, евидентниот лист и во свидетелството;
32. Строго е забрането и казниво уништувањето на училишниот имот, пишувањето по ѕидовите, чкрпањето по клупите, столови и сл. ;
33. ученикот го претставува училиштето и кога не е во неговиот круг и простории, и треба да знае дека со своето однесување го зголемува или намалува угледот на училиштето;
34. На училиште се доаѓа чист, уреден и во гардероба која е пристојна и соодветна на возраста и ситуацијата;
35. учениците треба да ги развиваат позитивните особини на личноста како што се:несебичност, чесност, искреност, пријателство, другарство и др. ;
36. Книгите од училишната библиотека и бесплатните учебници треба да се враќаат навреме, во дадениот рок  и во состојба каква што била кога се земале;

*Согласно протоколот и препораките за заштита од корона вирус Ковид-19 кодексот за ученици се дополнува со следните точки*

# СОУ„КОЧО РАЦИН“СВЕТИ НИКОЛЕ

1. На секој влез од училиштето учениците ги пречекува дежурен наставник, кој се грижи секој ученик да ги дезинфицира обувките и рацете, односно му помага на ученикот да ги дезинфицира рацете со дезинфекциско средство
2. На сите ученици при влезот во училиштето им се мери телесна температура и во случај на зголемена температура (над 37.4°) вработениот, односно ученикот се упатува кај матичен лекар
3. На учениците кои доаѓаат со организиран превоз, им се мери телесната температура пред влегување во автобус и се врши дезинфекција на рацете и обувките. Учениците кои имаат зголемена температура (над 37.4°) се враќаат дома со препораки родителот да превземе соооветни здравствени мерки
4. Влегување во училиштето е дозволено само со задолжително користење на заштитни маски/покривка на лицето за сите вработени и ученици во училиштето
5. Сите вработени и ученици задолжително ја почитуваат мерката за физичка дистанца од најмалку 1,5 метар
6. Се забрануваат сите видови физички контакти за поздравувања меѓу вработените во училиштето и меѓу учениците
7. Учениците доаѓаат и си заминуваат од училиште сами, во придружба на родител/старател/образовен или личен асистент (за учениците со посебни образовни потреби), со организиран и со јавен превоз
8. Користењето на спортската сала, библиотеката и други простории препорачливо е да биде од група ученици од иста паралелка, така што да нема можност за мешање на ученици од различни паралелки за што училиштето однапред подготвува распоред (пр. За време на 1 наставен час, една паралелка е во фискултурната сала, а две паралелки се надвор во училишниот двор или на спортските терени).
9. Употребата на тоалетите се организира со присуство на помал број ученици и запазена дистанца (на пример, ако тоалетот е помал, ученикот треба да чека надвор од тоалетот додека излезе ученикот којшто е внатре) и тоа за време на наставните часови за што учениците се благовремено информирани
10. Доколку се потврди дека ученик е заболен од КОВИД - 19, се следат протоколите од Министерството за здравство за тој ученик, а училиштето врши консултации со Центарот за јавно здравје, за натамошно постапување со паралелката на која припаѓа ученикот

Септември 2020

В.Д Директор
Ванче Миленков